Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-543/5
26-12-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-543/1 од 14.10.2022 поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] вработена во [redacted] ДОО Скопје за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020), на 26.12.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работа и работни односи од страна на [redacted] вработена во [redacted] ДОО Скопје спрема [redacted] од Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заверена со архивски број 0801-543/1 од 14.10.2022 година од [redacted] од Скопје против [redacted] вработена во [redacted] ДОО Скопје за сторена дискриминација во областа на работа и работни односи.

Во поднесената претставка подносителката наведува дека на ден 09.06.2022 година таа и нејзината колешка [redacted] заминале последни од работа. Бидејќи тој ден врата од фирмата останала отклучена, нејзината колешка [redacted] кажала дека ќе ги прегледа снимките од камерата како би докажала дека подносителката на претставката ја оставила вратата отклучена, а со тоа подносителката на претставка се почувствувала дискриминирана.

Во поднесената претставка, [redacted] бара од Комисијата нејзиниот личен идентитет да остане траен, односно управителката [redacted] да не бидат директно информирани за нејзината претставка доставена до нас. Меѓутоа на 18.10.2022 година, во архивата на Комисијата [redacted] поднесе своерачно потпишана Изјава со архивски број 08-543/2 во која што изјавува дека не го крие својот идентитет и затоа бара Комисијата да постапи по претставката во законски пропишаните рокови.

На 04.11.2022, Комисијата, согласно член 24 став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до [redacted] вработена во [redacted] ДОО Скопје, со барање за писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 12.12.2022 година до Комисијата стигна допис-произнесување во врска со Известувањето за произнесување по наводите во претставката. Во одговорот е наведено дека

наводите истакнати во претставката се целосно неосновани и ирелевантни. Во одговорот не известуваат дека на ден 26.09.2022 година од страна на [redacted] Скопје, согласно член 82 став 1 точка 5 од Законот за работни односи е донесено Решение за откажување на договорот за вработување од страна на работодавецот без отказен рок со кое се откажува склучениот договор за вработување на подносителката на поднесокот. Видно од претставката до Комисијата, истата е со датум од 14.10.2022 година, што укажува дека во моментот на поднесувањето на претставката подносителката на претставка не била во работен однос со [redacted] ДОО Скопје, како што е наведено во претставката. Во прилог на одговорот како доказ е приложено Решението за откажување на договорот за вработување од страна на работодавецот без отказен рок од 26.09.2022 година.

Во одговорот е наведено дека изведените наоди покрај тоа што немаат никаква поврзаност и како такви се целосно ирелевантни со заштита од дискриминација за која треба да се однесува претставката, истите се невистинити и наведени со намера на погрешно прикажување на фактичката состојба. Во претставката не постои образложеност за каква дискриминација станува збор и како е возможно истата да биде генерирана со тоа што наводно било побарано преглед на снимки од камерите, што исто така, никаде не е докажано со ниту една исправка или друго доказно средство. Според [redacted], нејасно е како ваквото постапување воопшто може да се толкува како дискриминаторско. Паушално се истакнува огромен период од шест месеци на "вербално неповолно постапување", без ваквите тврдења да бидат поткрепени со доказен материјал. Неразбирливо е на кој начин е воспоставен каузалитет помеѓу истакнатата случка со заклучувањето на вратата и проверката на безбедносните камери и повредувањето на достоинството на подносителката на претставката и создавањето на понижувачка атмосфера. Не е приложен ниту еден доказ со кој би се утврдило за било какво заканувачко однесување или некакво загрозување кое би резултирало со создавање на деградирачка и застрашувачка атмосфера.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледувањето на претставката, достапните докази и одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат никакви факти и докази дека е извршена дискриминација во областа на работа и работни односи. За да стане збор за дискриминација потребно е да се исполни условот на споредлива ситуација во која едно лице е ставено во понеповолна положба или третман кој го има или би можело да го има друго лице во исти или слични услови, врз некоја од дискриминаторските основи наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата смета дека во конкретниот случај не постои нееднаков третман. Во поднесената претставка не постои било какво објаснување за тоа кои дејствија биле преземени со кои се предизвикало разликување, исклучување, ограничување врз дискриминаторска основа, не е наведено кои права и слободи на подносителката на претставка биле ограничени или било оневозможено нивно остварување.

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација кој гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување*

*на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на работа и работни односи од страна на [redacted] ДОО Скопје спрема [redacted] од Скопје.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
-Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk